ОПШТИНА НОВО СЕЛО
ГРАДОНАЧАЛНИК
БР.10-138 / 3
Од 16.01.2025год.
Ново Село

Градоначалникот на Општина Ново Село, решавајќи по барањето на Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД, поднесено под број 10- /1 од 16.01.2025 година, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/2020 и 111/23), го издава следното:

РЕШЕНИЕ

Се одобрува Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод од ТС Сушица 110/10kV до ТС ЕКОВАТ ГРУП 0.8/10(20)kV, КО Сушица - општина Ново Село.,со технички број 115/2024-У декември 2024год., изработена од Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод од ТС Сушица 110/10kV до ТС ЕКОВАТ ГРУП 0.8/10(20)kV, КО Сушица - општина Ново Село.

.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД, поднесе барање за одобрување на Проектна програма,со технички број 115/2024-У декември 2024год., изработена од Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД за изработка на проектна програма за изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод од ТС Сушица 110/10kV до ТС ЕКОВАТ ГРУП 0.8/10(20)kV, КО Сушица - општина Ново Село.

.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма

2. Барање

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Ново Село, со Решение бр. 09-2058/1 од 08.08.2022, по проучувањето на приложената документација со барањето

и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. 10- /2 од 16.01.2025 година.

Градоначалникот на општината Ново Село по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.М. 32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 44 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

ОПШТИНА НОВО СЕЛО
ГРАДОНАЧАЛНИК

Ѓорѓе Божинов